4. Комисија за спроведување на постапка за субвенционирање/ надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Прилеп за купување велосипеди ќе состават записник од прегледот на сите пристигнати барања и ќе достават предлог за субвенционирање/надомест на дел од трошоците или одбивање на барањето.

5.Врз основа на предлогот на Комисија за спроведување на постапка за субвенционирање/ надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Прилеп за купување велосипеди, Градоначалникот на Општина Прилеп ќе донесе Решение за одобрување и исплата на средствата од Буџетот/одбивање на барањето.

6.Комисијата за уништување на строго доверлива документација, а формирана од Градоначалникот, е должна во рок од 4 години од предлог (записник) за доделување на средства од Буџетот, истите да ги уништи со составување на нов записник од уништувањето.

7. Комисија за спроведување на постапка за субвенционирање/ надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Прилеп за купување велосипеди е должна строго доверливата документација од одбиените барања, да ја врати во архивата на општината со составување на записник, а архивата ќе ја уништи

истата согласно Листа на архивски материјал на Општина Прилеп.

8.По завршувањето на постапката ќе се изготви финална листа на баратели кои го остваруваат правото на субвенционирање/ надоместување на дел од трошоците која ќе биде објавена на Веб страната на Општина Прилеп и огласна табла на Општина Прилеп.

**Член 5**

1.Барањето за субвенционирање/ надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Прилеп за купување велосипеди, физичките лица го поднесуваат заедно со комплетната документација до Општина Прилеп на адреса преку Архивата на Оштина Прилеп до Комисија за спроведување на постапка за субвенционирање/ надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Прилеп за купување велосипеди , во затворен плик со намена „Јавен повик за субвенции/ надомест на дел од трошоци за велосипеди“/ со назнака „НЕ ОТВОРАЈ“, име и презиме и адреса на барателот.

2.Копието од лична карта и копието од трансакциона сметка, како и секоја друга документација која содржи лични податоци за подносителот на барањето, задолжително се доставуваат во затворен коверт, со назнака ,,строго доверливо-лична документација,, како прилог кон барањето.

3.Пристигнатите барања во архивата на Општина Прилеп ќе бидат евидентирани и заведени со точен датум и време на поднесување (датум, час и минута), заради воспоставување на редослед по кој ќе се разгледуваат барањата.

**Член 6**

1**.** Корисници кои се опфаќаат со мерката субвенционирање/ надомест на дел од трошоци на граѓани за купување велосипеди:

1. Жител на Општина Прилеп кој купил/ќе купи велосипед во периодот од денот на објавување на јавниот повик, најдоцна до денот на завршување на јавниот повик, односно до искористување на предвидените средства и кои ќе достават навремено и комплетно барање согласно условите на јавниот повик.
2. Само едно лице од семејството може да поднесе барање за добивање надоместок исклучиво за купување на еден велосипед .

2. Услови кои треба да ги исполни барателот за субвенционирање/ надоместување на дел од трошоците за купување на велосипеди:

1. Да има живеалиште на подрачјето на општина Прилеп
2. Велосипедот да го купил по објавување на јавниот повик
3. Да нема искористена субвенција за истата намена од било кој извор во Република Северна Македонија

3.Документација која треба да се достави кон барањето за надоместување на дел од трошоците за купување на велосипеди како доказ за исполнување на условите:

1. <u>Барање за надоместок </u>(барањето може да се подигне во Општина Прилеп) или од Веб страната на Општина Прилеп.
2. Фотокопија од важечка лична карта на барателот
3. Фотокопија од трансакциска сметка
4. Доказ дека е извршено купување на велосипед и тоа фотокопија од фискална сметка заверена на нотар или фактура со извод од деловна банка за извршената уплата со датум во период од денот на објавувањето на јавниот повик до денот на завршување на јавниот повик.
5. Изјава заверена на нотар со која барателот под полна материјална и кривична одговорност ќе потврди дека :

- друг член од семејството нема поднесено барање за добивање на субвенции
- дека не искористил субвенција/ надомест на дел од трошоци за истата намена од било кој извор во Република Северна Македонија

**Член 7**

Едно лице може да поднесе само едно барање за добивање на надоместок .

**Член 8**

Лицата кои веќе добиле субвенција/ надоместок за купување на велосипед како и членовите на нивното потесно семејство кои што живеат во заедница, немаат право да поднесат повторно барање за користење на истиот надоместок.

**Член 9**

Исплатата на средствата ќе се врши сукцесивно, според редот на пристигнати барања, се до искористување на предвидениот буџет за соодветната намена.

**Член 10**

Овој Правилник влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп“

Број.09-595/31
15.03.2021 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Прилеп
Еленче Ташковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МАКСИМАЛЕН ИЗНОС ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПОЕДИНЕЧНА СУБВЕНЦИЈА/НАДОМЕСТ НА ДЕЛ ОД ТРОШОЦИ НА ГРАЃАНИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА КУПУВАЊЕ НА ВЕЛОСИПЕДИ ЗА 2021 ГОДИНА**

1. Одлуката за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција/надомест на дел од трошоци на граѓани на подрачјето на Општина Прилеп за купување на велосипеди за 2021 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-597/31
15.03.2021 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа("Сл.весник на РМ бр.05/2002), и член 28 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003, 4/2005 и 11/2008), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 15.03.2021 година, донесе

О Д Л У К А
за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција/надомест на дел од трошоци на граѓани на подрачјето на Општина Прилеп за купување на велосипеди за 2021 година

Член 1
Со оваа Одлука, Советот на Општина Прилеп го определува максималниот износ за доделување на поединечна субвенција/ надомест на дел од трошоци на граѓани на подрачјето на Општина Прилеп за купување влосипед за 2021година.

Член 2
Максималниот износ за поединечна субвенција/надомест на дел од трошоци за купување на велосипед ќе биде во висина до 50% од вредноста на купениот велосипед, но не повеќе од 5.000 денари во нето износ по лице/домаќинство, за барателите кои ги исполниле критериумите согласно јавниот повик.
Персоналниот данок на доход паѓа на товар на исплаќачот.

Член 3
Финансиските средства во вкупен износ од 1.000.000 денари за оваа намена се обезбедени во Буџетот на Општина Прилеп за 2021 година, Програма R10 - ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА-Субвенции за заштита на животна средина R10 ставка 464 разни трансфери - потставка 464990-други трансфери и се предвидени во Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Прилеп за 2021 година .

Член 4

Начинот , постапката и условите за доделување на поединечна субвенција надомест на дел од трошоци на граѓани на подрачјето на Општина Прилеп за купување на велосипеди се утврдени во Правилник за користење на финансиски средства од буџетот на Општина Прилеп за субвенционирање/надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Прилеп за купување велосипеди, донесен од Совет на Општина Прилеп.

Член 5
Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Прилеп ".

Број.09-595/32
15.03.2021 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Прилеп
Еленче Ташковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ/НАДОМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ТРОШОЦИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА НАБАВКА НА ГРЕЈНИ ТЕЛА СО ИНВЕРТОР**

1. Правилникот за користење на финансиски средства од буџетот на Општина Прилеп за субвенционирање/надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Прилеп за набавка на грејни тела со инвертор, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-597/32 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.03.2021 година на Општина Прилеп
П р и л е п Илија Јованоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002), и член 28 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 6/2003, 4/2005 и 11/2008), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 15.03.2021 година, донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ/НАДОМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ТРОШОЦИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА НАБАВКА НА ГРЕЈНИ ТЕЛА СО ИНВЕРТОР**

**I.ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 1**

1.Со овој Правилник се утврдуваат условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства утврдени во Буџетот на Општина Прилеп за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на Општина Прилеп за набавка на грејни тела со инвертор.

2.Право на користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Прилеп согласно овој правилник имаат физички лица кои се жители на Општина Прилеп, кои ги исполниле условите од овој Правилник и ја доставиле потребната документација.

3.На барателите кои ги исполниле условите од овој Правилник и ја доставиле потребната документација ќе му се надоместат дел од трошоците направени при набавка на грејно тело со инвертор во износ утврден во Одлуката за за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција/надомест на дел од трошоци на граѓани на подрачјето на Општина Прилеп за набавка на грејни тела со инвертор.

**Член 2**

1.Износот на субвенцијата за набавка на грејни тела со инвертор се утврдува со Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција/надомест на дел од трошоците на граѓани на подрачјето на Општина Прилеп за набавка на грејни тела со инвертор, донесена од Совет на Општина Прилеп, за секоја година поединечно.

2.Финансиските средства утврдени во Буџетот на Општина Прилеп за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на Општина Прилеп за набавка на грејни тела со инвертор се доделуваат до нивно целосно искористување.

3.Персоналниот данок на доход паѓа на товар на исплаќачот

**Член 3**

**II.НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПОВИК**

**1.**Со цел да се реализира донесената Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција/надомест на дел од трошоците на граѓани на подрачјето на Општина Прилеп за набавка на грејни тела со инвертор, Општина Прилеп објавува “ ЈАВЕН ПОВИК“.

2.ЈАВНИОТ ПОВИК се објавува на ВЕБ страната на Општина Прилеп, во два печатени и електронски медиуми и на огласна табла во Општина Прилеп.

3.Јавниот повик ќе трае до датумот предвиден во јавниот повик, односно до искористување на предвидените средства.

4.Доделувањето на финансиските средства од Јавниот повик ќе се реализира по принципот “прв дојден, прв услужен“.

5. При констатирање на целосна реализација на предвидениот буџет, Општина Прилеп веднаш ќе ја извести јавноста дека согласно принципот наведен во став 4 од овој член повеќе нема да прима барања по однос Јавниот повик, на својата Веб страна, на електронските медиуми и огласна табла во Општина Прилеп.

**Член 4**

**III.ПОСТАПКА, НАЧИН И УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА**

1**.** За утврдување на исполнување на условите од овој Правилник , за доделување на финансиски средства во износ утврден во Одлуката за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција/надомест на дел од трошоци на граѓани на подрачјето на Општина Прилеп за набавка на грејни тела со инвертор, Градоначалникот на Општина Прилеп формира Комисија за спроведување на постапка за субвенционирање/ надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Прилеп за набавка на грејни тела со инвертор.

2.Комисијата за спроведување на постапката за субвенционирање/ надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Прилеп ќе ги разгледаат пристигнатите барања и документацијата во прилог со цел да утврди дали истите се уредни и комплетни.

3.Општина Прилеп односно Комисијата го задржува правото да изврши посета во домаќинствата кои ќе поднесат барање по Јавниот повик , а подносителите на барањата имаат обврска да му овозможат пристап до

местото/просторијата каде се наоѓа инсталирано грејно тело со инвертор, при што ќе изготви и записник.

4.Комисијата за спроведување на постапката за субвенционирање/ надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Прилеп за набавка на грејни тела со инвертор ќе состават записник од прегледот на сите пристигнати барања и ќе достават предлог за субвенционирање/надомест на дел од трошоците или одбивање на барањето.

5.Врз основа на предлогот на Комисијата за спроведување на постапката за субвенционирање/ надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Прилеп за набавка на грејни тела со инвертор, Градоначалникот на Општина Прилеп ќе донесе Решение за одобрување и исплата на средствата од Буџетот/одбивање на барањето.

6.Комисијата за уништување на строго доверлива документација, а формирана од Градоначалникот, е должна во рок од 4 години од предлог (записник) за доделување на средства од Буџетот, истите да ги уништи со составување на нов записник од уништувањето.

7. Комисијата за спроведување на постапката за субвенционирање/ надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Прилеп за набавка на грејни тела со инвертор, Градоначалникот на Општина Прилеп е должна строго доверливата документација од одбиените барања , да ја врати во архивата на општината со составување на записник, а архивата ќе ја уништи истата согласно Листа на архивски материјал на Општина Прилеп.

8.По завршувањето на постапката ќе се изготви финална листа на баратели кои го остваруваат правото на субвенционирање/ надоместување на дел од трошоците која ќе биде објавена на Веб страната на Општина Прилеп и огласна табла на Општина Прилеп.

**Член 5**

1.Барањето за субвенционирање/ надоместување на дел од трошоците на граѓаните за на граѓани на подрачјето на Општина Прилеп за набавка на грејни тела со инвертор, физичките лица го поднесуваат заедно со комплетната документација до Општина Прилеп на адреса преку Архивата на Оштина Прилеп до Комисијата за спроведување на постапката за субвенционирање/ надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Прилеп за набавка на грејни тела со инвертор во затворен плик со намена „Јавен повик за субвенции/ надомест на дел од трошоци за набавка на грејни тела со инвертор“/ со назнака „НЕ ОТВОРАЈ“, име и презиме и адреса на барателот.

2.Копието од лична карта и копието од трансакциона сметка, како и секоја друга документација која содржи лични податоци за подносителот на барањето, задолжително се доставуваат во затворен коверт, со назнака ,,строго доверливо-лична документација,, како прилог кон барањето.

3.Пристигнатите барања во архивата на Општина Прилеп ќе бидат евидентирани и заведени со точен датум и време на поднесување (датум, час и минута), заради воспоставување на редослед по кој ќе се разгледуваат барањата.

**Член 6**

1.Корисници кои се опфаќаат со мерката субвенционирање/надоместок на дел од трошоците на граѓаните за набавка на грејни тела со инвертор:

6. Жител на Општина Прилеп/сопственик на станбен објект на подрачје на Општина Прилеп, кој набавил/ќе набави грејно тело со инвертор во периодот од денот на објавување на јавниот повик, а најдоцна до денот на завршување на јавниот повик, односно до искористување на предвидените средства, и кои ќе достават навремено и комплетно барање согласно условите на јавниот повик.

7. Само едно лице од семејството може да поднесе барање за добивање надоместок исклучиво за набавка на едно грејно тело со инвертор.

2. Услови кои треба да ги исполни барателот за надоместување на дел од трошоците за набавка на грејно тело со инвертор:

8. Да е Жител на Општина Прилеп, сопственик на станбен објект на подрачје на општина Прилеп каде е инсталирана/ќе се инсталира грејното тело со инвертор, да има живеалиште на адресата каде е монтирано грејното тела со инвертор. Доколку посебно домаќинство/семејство живее во посебен функционален дел од ист станбен објект или во друг објект кој е во сопственост на друго лице носителот на посебното домаќинство може да аплицира самостојно и независно од сопственикот на објектот, покрај документите кој треба да ги приложи кон барањето приложува и имотниот лист и потврда за платен данок на имот за објектот, кој е впишан во имотниот лист каде е инсталирано грејното тело со инвертор заклучно со предходната година и кој ќе достави навремено и комплетно барање согласно условите на јавниот повик.

9. Грејно тело со инвертор да го купил по објавување на јавниот повик;

10. Да е платен данок на имот за станбениот објект каде е/каде ќе се инсталира грејното тело со инвертор заклучно со предходната година.

11. Само еден член од семејството може да поднесе барање за добивање надоместок исклучиво за набавка на едено грејното тело со инвертор.
12. До поднесувањето на барањето да биде корисник на печка на јаглен, дрва, нафта или мазут.
13. Да нема искористена субвенција за истата намена од било кој извор во Република Северна Македонија.

3. Документација која треба да се достави како доказ кон барањето за надоместување на дел од трошоците за набавка на грејно тело со инвертор за исполнување на условите:
1. Барање за надоместок (барањето може да се подигне во Општина Прилеп) или од Веб страната на Општина Прилеп
2. Фотокопија од важечка лична карта на барателот
3. Имотен лист за станбениот објект со адреса на објектот во кој е инсталирано/ќе се инсталира грејното тело со инвертор на подрачје на Општина Прилеп
4. Доказ дека е извршено купување на грејното тело со инвертор и тоа фотокопија од фискална сметка заверена на нотар или фактура со извод од деловна банка за извршената уплата со датум во период од денот на објавување на јавниот повик до денот на завршување на јавниот повик.
5. Фотокопија од трансакциска сметка
**6.** Потврда за платен данок на имот за објектот, кој е впишан во имотниот лист каде е инсталирано грејното тело со инвертор заклучно со предходната година издадено од Одделение за администрирање на приходи Општина Прилеп
7. Изјава заверена на нотар со која барателот под полна материјална и кривична одговорност ќе потврди дека:

-до поднесувањето на барањето бил корисник на печка на јаглен, дрва, нафта или мазут
- друг член од семејството нема поднесено барање за добивање на субвенции
- дека не искористил субвенција/ надомест на дел од трошоци за истата намена од било кој извор во Република Северна Македонија

**Член 7**

Едно лице може да поднесе само едно барање за добивање на надоместок .

**Член 8**

Лицата кои веќе добиле субвенција/ надоместок за набавка на грејно тело со инвертор како и членовите на нивното потесно семејство кои што живеат во заедница, немаат право да поднесат повторно барање за користење на истиот надоместок.

**Член 9**

Исплатата на средствата ќе се врши сукцесивно, според редот на пристигнати барања, се до искористување на предвидениот буџет за соодветната намена.

**Член 10**

Овој Правилник влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број.09-595/33
15.03.2021 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Прилеп
Еленче Ташковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МАКСИМАЛЕН ИЗНОС ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПОЕДИНЕЧНА СУБВЕНЦИЈА/НАДОМЕСТ НА ДЕЛ ОД ТРОШОЦИ НА ГРАЃАНИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА НАБАВКА НА ГРЕЈНИ ТЕЛА СО ИНВЕРТОР ЗА 2021 ГОДИНА**

1. Одлуката за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција/надомест на дел од трошоци на граѓани на подрачјето на Општина Прилеп за набавка на грејни тела со инвертор за 2021 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-597/33
15.03.2021 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа("Сл.весник на РМ бр.05/2002), и член 28 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003, 4/2005 и 11/2008), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 15.03.2021 година, донесе

О Д Л У К А
за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција/надомест на дел од трошоци на граѓани на подрачјето на Општина Прилеп за набавка на грејни тела со инвертор за 2021 година

Член 1

Со оваа Одлука, Советот на Општина Прилеп го определува максималниот износ за доделување на поединечна субвенција/ надомест на дел од трошоци на граѓани на подрачјето на Општина Прилеп за набавка на грејно тело со инвертор за 2021 година.

Член 2

Максималниот износ за поединечна субвенција/надомест на дел од трошоци за набавка на грејно тело со инвертор ќе биде во висина до 50% од вредноста на набавеното грејно тело со инвертор, но не повеќе од 10.000 денари во нето износ по лице/ домаќинство, за барателите кои ги исполниле критериумите согласно јавниот повик.

Персоналниот данок на доход паѓа на товар на исплаќачот

Член 3

Финансиските средства во вкупен износ од 4.000.000 денари за оваа намена се обезбедени во Буџетот на Општина Прилеп за 2021 година, Програма R10 - ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА-Субвенции за заштита на животна средина R10 - ставка 464 разни трансфери - потставка 464990-други трансфери и се предвидени во Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Прилеп за 2021 година.

Член 4

Начинот , постапката и условите за доделување на поединечна субвенција надомест на дел од трошоци на граѓани на подрачјето на Општина Прилеп за набавка на грејно тело со инвертор се утврдени во Правилник за користење на финансиски средства од буџетот на Општина Прилеп за субвенционирање/надоместување на дел од трошоците за граѓаните на подрачјето на Општина Прилеп за набавка на грејни тела со инвертор, донесен од Совет на Општина Прилеп.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Прилеп “.

| | |
|---|---|
| Број.09-595/34 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 15.03.2021 година | на Совет на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Еленче Ташковска |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА И ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП ,,ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА’’-ПРИЛЕП, ЗА 2020 ГОДИНА**

1. Одлуката за усвојување на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈКП ,,Водовод и канализација’’-Прилеп, за 2020 година, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

| | |
|---|---|
| Број 08-597/34 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 15.03.2021 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Илија Јованоски |

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002), член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавни претпријатија (“Службен весник на РМ” бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009,97/10, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18) и член 26 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 6/2003 и 4/2005и 11/2008), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 15.03.2021 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за усвојување на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈКП ,,Водовод и канализација’’-Прилеп, за 2020 година

член 1

Се усвојува Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈКП ,,Водовод и канализација’’-Прилеп, за 2020 година.

член 2

Одлуката да се достави до ЈКП ,,Водовод и канализација’’-Прилеп, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

член 3

Одлуката влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во ’’Службен гласник на Општина Прилеп’’.

| | |
|---|---|
| Број.09-595/35 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 15.03.2021 година | на Совет на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Еленче Ташковска |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА И ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП ,,ПАЗАРИ’’-ПРИЛЕП, ЗА 2020 ГОДИНА**

1. Одлуката за усвојување на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈКП ,,Пазари’’-Прилеп, за 2020 година, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08-597/35
15.03.2021 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002), член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавни претпријатија (“Службен весник на РМ” бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009,97/10, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18) и член 26 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 6/2003 и 4/2005и 11/2008), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 15.03.2021 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за усвојување на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈКП ,,Пазари’’-Прилеп, за 2020 година

член 1

Се усвојува Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈКП ,,Пазари’’-Прилеп, за 2020 година.

член 2

Одлуката да се достави до ЈКП ,,Пазари’’-Прилеп, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

член 3

Одлуката влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во ’’Службен гласник на Општина Прилеп’’.

Број.09-595/36
15.03.2021 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Прилеп
Еленче Ташковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈКП „ПАЗАРИ“ ПРИЛЕП ЗА 2021 ГОДИНА**

1. Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на плати за вработените во ЈКП „Пазари“ Прилеп за 2021 година, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08-597/36
15.03.2021 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп “Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 6/2003 и 4/2005 и 11/2008), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 15.03.2021 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на плати за вработените во ЈКП „Пазари“ Прилеп за 2021 година

член 1

Се дава согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на плати за вработените во ЈКП „Пазари“ Прилеп, за 2021 годна бр.02-28/1-3 од 28.01.2021 година.

член 2

Одлуката да се достави до ЈКП ,,Пазари’’Прилеп, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп

член 3

Оваа Одлука влегува во сила, осмиот ден од денот од објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 09-595/37
15.03.2021 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Прилеп
Еленче Ташковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА И ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП ЗА ПУП ПРИЛЕП ЗА 2020 ГОДИНА**

1. Одлуката за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈП за ПУП Прилеп за 2020 година, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08-597/37
15.03.2021 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002), член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавни претпријатија (“Службен весник на РМ” бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009,97/10, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18) и член 26 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 6/2003 и 4/2005и 11/2008), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 15.03.2021 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈП за ПУП Прилеп за 2020 година

член 1

Се дава согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈП за ПУП Прилеп за 2020 година.

член 2

Одлуката да се достави до ЈП за ПУП Прилеп, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

член 3

Одлуката влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во ’’Службен гласник на Општина Прилеп’’.

Број.09-59538
15.03.2021 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Прилеп
Еленче Ташковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ТРИМЕСЕЧНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП ЗА ПУП ПРИЛЕП, ЗА ПЕРИОД ОД 01.10.2020 ДО 31.12.2020 ГОДИНА**

1. Одлуката за давање согласност на тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈП за ПУП Прилеп, за период од 01.10.2020 до 31.12.2020 година, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08-597/38
15.03.2021 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009,97/10, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18) и член 26 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005и 11/2008), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 15.03.2021 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за давање согласност на тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈП за ПУП Прилеп за периодот од 01.10.2020 година до 31.12.2020 година

член 1

Се дава согласност на тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈП за ПУП Прилеп за периодот од 01.10.2020 година до 31.12.2020 година.

член 2

Одлуката да се достави до ЈП за ПУП Прилеп, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

член 3

Одлуката влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Прилеп''.

Број.09-595/39
15.03.2021 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Прилеп
Еленче Ташковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ТРИМЕСЕЧНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈКП ,,КОМУНАЛЕЦ''-ПРИЛЕП ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.10.2020 ГОДИНА ДО 31.12.2020 ГОДИНА**

1. Одлуката за давање согласност на тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец''-Прилеп за периодот од 01.10.2020 година до 31.12.2020 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп"

Број 08-597/39
15.03.2021 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009,97/10, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18) и член 26 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005и 11/2008), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 15.03.2021 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за давање согласност на тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец''-Прилеп за периодот од 01.10.2020 година до 31.12.2020 година

член 1

Се дава согласност на тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец''-Прилеп за периодот од 01.10.2020 година до 31.12.2020 година.

член 2

Одлуката да се достави до ЈКП ,,Комуналец''-Прилеп, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

член 3

Одлуката влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Прилеп''.

Број.09-595/40
15.03.2021 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Прилеп
Еленче Ташковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА НА ЈКП ,,КОМУНАЛЕЦ''-ПРИЛЕП, ЗА 2020 ГОДИНА**

1. Одлуката за усвојување на Годишната сметка на ЈКП ,,Комуналец''-Прилеп, за 2020 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-597/40
15.03.2021 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009,97/10, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18) и член 26 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005и 11/2008), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 15.03.2021 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за усвојување на Годишната сметка на ЈКП ,,Комуналец''-Прилеп,
за 2020 година

член 1

Се усвојува Годишната сметка на ЈКП ,,Комуналец''-Прилеп, за 2020 година.

член 2

Одлуката да се достави до ЈКП ,,Комуналец''-Прилеп, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

член 3

Одлуката влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Прилеп''.

Број.09-595/41
15.03.2021 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Прилеп
Еленче Ташковска

***СОДРЖИНА***
***на Службен гласник на Општина Прилеп број 3 од 15.03.2021 година***


1. Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за четврт квартал од 2020 година...........................................................................................***стр.2***
2. Годишна сметка на Буџетот на Општина Прилеп за 2020 година...........................***стр.3***
3. Годишен извештај на Општина Прилеп за 2020 година........................................***стр.11***
4. Одлука за давање согласнсот на Извештајот за работата на ЈОУ Градска библиотека ,,Борка Талески’’-Прилеп, со Финансиски извештај за 2020 година......................***стр.78***
5. Одлука за усвојување на Годишната сметка на ЈОУ Градска библиотек ,,Борка Талески’’-Прилеп, за 2020 година...........................................................................***стр.79***
6. Одлука за усвојување на Годишната сметка на ЈОУДГ ’’Наша иднина’’-Прилеп, за 2020 година...........................................................................................................***стр.79***
7. Одлука за усвојување на Годишната сметка на ЈОУ Дом за стари лица ,,Киро Крстески-Платник’’-Прилеп, за 2020 година...........................................................................***стр.80***
***8.*** Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на ЈОУ Дом за стари лица „Киро Крстески-Платник“-Прилеп, за 2021 година..........................***стр.80***
9. Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници во ЈОУ Дом за стари лица ,,Киро Крстески-Платник’’- Прилеп за 2021 година........................................................***стр.81***
10. Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на помошно-техничките лица вработени во ЈОУ Дом за стари лица „Киро Крстески-Платник“Прилеп, за 2021 година...............................***стр.82***
***11.*** Одлука за усвојување на Годишните сметки на ООУ "Кочо Рацин" - Прилеп, за 2020 година...........................................................................................................***стр.82***
***12.*** Одлука за усвојување на Годишните сметки на ООУ "Рампо Левката" - Прилеп, за 2020 година...........................................................................................................***тр.83***
***13.*** Одлука за усвојување на Годишните сметки на ООУ "Кире Гаврилоски" - Прилеп, за 2020 година.......................................................................................................***стр.83***
***14.*** Одлука за усвојување на Годишните сметки на ООУ ООУ "Гоце Делчев" - Прилеп, за 2020 година.......................................................................................................***стр.84***
***15.*** Одлука за усвојување на Годишните сметки на ООУ "Добре Јованоски" - Прилеп, за 2020 година.......................................................................................................***стр.84***
***16.*** Одлука за усвојување на Годишните сметки на ООУ "Блаже Конески" - Прилеп, за 2020 година.......................................................................................................***стр.85***
17. Одлука за усвојување на Годишните сметки на ООУ "Климент Охридски" - Прилеп, за 2020 година.......................................................................................................***стр.85***
***18.*** Одлука за усвојување на Годишните сметки на ООУ "Круме Волнароски" – с.Тополчани Прилеп, за 2020 година.....................................................................***стр.86***
***19.*** Одлука за усвојување на Годишните сметки на ООУ "Страшо Пинџур" – с.Мало Коњари-Прилеп, за 2020 година..................................................................***стр.86***
***20.*** Одлука за усвојување на Годишните сметки на ООУ ’Кирил и Методиј’ – с.Канатларци -Прилеп, за 2020 година..............................................................................***стр.87***

21. Одлука за усвојување на Годишните сметки на ООМУ „Ордан Михајлоски- Прилеп, за 2020 година.......................................................................................................***стр.87***
22. Одлука за усвојување на Годишните сметки на СОУ "Мирче Ацев" - Прилеп, за 2020 година.......................................................................................................***стр.88***
***23.*** Одлука за усвојување на Годишните сметки на СОУ "Орде Чопела" - Прилеп, за 2020 година.......................................................................................................***стр.88***
***24.*** Одлука за усвојување на Годишните сметки на СОУ "Ристе Ристески" - Прилеп, за 2020 година.......................................................................................................***стр.89***
25. Одлука за усвојување на Годишните сметки на СОУ "Ѓорче Петров" - Прилеп, за 2020 година.......................................................................................................***стр.90***
26. Одлука за усвојување на Годишните сметки на СОУ "Кузман Јосифоски" - Прилеп, за 2020 година.......................................................................................................***стр.90***
27. Одлука за донесување на Регулациски план на ГУП за град Прилеп за ЧЕТВРТ 7 во БЛОК 7.3, КО Прилеп, Општина Прилеп..................................................................***стр.91***
***28.*** Одлука за прифаќање на донација на Општина Прилеп.......................................***стр.95***
***29.*** Правилник за измена и дополнување на Правилникот за утврдување на критериумите и постапката за доделување на средства од Буџетот на Општина Прилеп.......................................................................................................***стр.95***
30. Правилник за користење на финансиски средства од буџетот на Општина Прилеп за субвенционирање/надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Прилеп за купување велосипеди.......................................................***стр.96***
***31.*** Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција/надомест на дел од трошоци на граѓани на подрачјето на Општина Прилеп за купување на велосипеди за 2021 година.............................................***стр.99***
***32.*** Правилник за користење на финансиски средства од буџетот на Општина Прилеп за субвенционирање/надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Прилеп за набавка на грејни тела со инвертор.................................***стр.100***
***33.*** Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција/надомест на дел од трошоци на граѓани на подрачјето на Општина Прилеп за набавка на грејни тела со инвертор за 2021 година...........................***стр.102***
34. Одлука за усвојување на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈКП ,,Водовод и канализација''-Прилеп, за 2020 година............................................***стр.103***
35. Одлука за усвојување на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈКП ,,Пазари''-Прилеп, за 2020 година.............................................................................***стр.104***
36. Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на плати за вработените во ЈКП „Пазари“ Прилеп за 2021 година.......................................................................................................***стр.104***
37. Одлука за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈП за ПУП Прилеп за 2020 година.......................................................................***стр.105***
***38.*** Одлука за давање согласност на тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈП за ПУП Прилеп, за период од 01.10.2020 до 31.12.2020 година......................***стр.106***
39. Одлука за давање согласност на тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец''-Прилеп за периодот од 01.10.2020 година до 31.12.2020 година.......................................................................................................***стр.106***
40. Одлука за усвојување на Годишната сметка на ЈКП ,,Комуналец''-Прилеп, за 2020 година.......................................................................................................***стр.107***

ИЗДАВА : Општина Прилеп
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Илија Јованоски -Градоначалник на Општина Прилеп
ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска
ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи.  Тираж: 50 примероци